Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјална  заштита за 2024 година донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/2
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, точка 7 и 62, точка 1 и 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02) и член 3, точка 3, член 11, точка 1, 2 и 3 и член 12 од Закон за социјална заштита (Сл.весник на Р.М. бр.104/19) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

## Програма на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2024 година

Со Програмата за социјална заштита се продлабочува и унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните.

Главен и основен патоказ за изработка и спроведување на Програмата за социјална заштита се Законот за Социјална заштита, како и Законот за локална самоуправа, кои ја дефинираат правната рамка во процесот на децентрализација, начините и изворите за финансирање.

Сите форми и облици на социјална заштита кои општината треба да ги спроведе, со помош на Институциите за социјална заштита, со вклучување на други актери од социјалната политика, со заинтересирани поединци и организации, а се во функција да се обезбеди интегрален пристап во планирање, имплементација и евалуација на социјална заштита, развивање на услуги и опфаќање на кориснички групи, планирање и обезбедување на потребни средства преку разни форми на финансирање.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална заштита, во Општина Кисела Вода е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања.

**ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА**

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Кисела Вода, во областа на социјална заштита, да биде насочен кон остварување на пет приоритетни цели кои треба да придонесат за унапредување на социјалната и здравствената заштита на граѓаните:

- Остварување социјална заштита на лица со посебни потреби;
- Подобрување и унапредување на образованието за децата со посебни потреби;
- Општествено вклучување и социјални услуги;
- Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности;

Во текот на 2024 година Општина Кисела Вода ќе спроведе низа на мерки и активности од различни области во склоп на социјалната заштита со која ќе се опфатат повеќе групи на граѓани.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2024 до 31-12-2024 година.
Финансиска конструкција:2.800 000,00 ден.

2.Финансирање на Програмска активност за посебен превоз на стари лица и лица со попречености во соработка со Црвен крст на Град Скопје.
Финансиска конструкција – 500 000,00 денари.

Црвениот крст на град Скопје започна со нудење на посебен транспорт за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила. Наменските возила можат да се користат за превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:

- старост;
- болест;
- неможност или потешкотии, при самостојно движење;
- имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации.

Лицето кое има потреба од транспорт може да се јави на телефонскиот број 15330 во Контакт центарот или на skopje.itnokopce@redcross.org.mk , секој работен ден во текот на 24 часа, преку кој однапред би го закажал својот термин за превоз до одредена институција, по принципот на временски редослед на закажување.

Корисникот при закажување на термин за користење на наменско возило потребно е да даде целосни и вистинити податоци.

3.Субвенционирање на целодневниот престој на деца од семејства во социјален ризик во јавните детски градинки во општина Кисела Вода.
Финансиска конструкција: 400 000,00 денари

4.Субвенционирање на дел од месечните сметки за потрошена електрична енергија на социјално-ранливите категории жители на општина Кисела Вода и субвенционирање на дневниот оброк во целодневната настава/дневен престој.
Финансиска конструкција: 1.200 000,00 денари.

Вкупно: 4.900 000,00 денари

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

## 1. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/4
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.